Како да се заштитиме?

Вакцината против мали сипаници се дава како МРП вакцина – против мали сипаници, заразни заушки и рубеола.

ВАКЦИНАЦИЈАТА Е НАЈДОБРА ЗАШТИТА!

-За целосна заштита потребни се две дози.
-Вакцинацијата го намалува ризикот од заболување и од тешки компликации.
-Со вакцинацијата се заштитуваме себеси, но и оние кои не можат да се вакцинираат.

Проверете дали вашето дете ги има примено двете дози МРП вакцина.



Бидете сигурни дека Вашето дете е комплетно вакцинирано:

- Проверете во Картонот за вакцинација / Здравствената легитимација или побарајте помош од Вашиот матичен лекар!
- Доколку Вашето дете не е навремено вакцинирано согласно возраста, ВЕДНАШ однесете го во Службата за вакцинација за да биде вакциирано!

НАЈДОБАР НАЧИН ДА ГО ЗАШТИТИТЕ ВАШЕТО ДЕТЕ ОД МАЛИ СИПАНИЦИ Е ДА ГО ВАКЦИНИРАТЕ ПРОТИВ ОВАА БОЛЕСТ, БИДЕЈЌИ ВАКЦИНАЦИЈАТА Е ЕДИНСТВЕНА УСПЕШНА ПРЕВЕНТИВНА МЕРКА!

МАЛИ СИПАНИЦИ – ЗАШТИТЕТЕ СЕ НАВРЕМЕ

Институт за јавно здравје

ИНФОРМАЦИИ ЗА НАСЕЛЕНИЕ

Што се мали сипаници?

Малите сипаници (морбили) се едно од најзаразните вирусни заболувања, предизвикано од Morbilli virus.

Кои се симптомите?

- висока температура над 39°Ц,
- главоболка,
- омалаксаност,
- болка и гребење во грло,
- сува кашлица, течење од нос,
- црвени, отечени и насолзени очи,
- карактеристичен исип по кожа и слузокожа

- на кожата, најчесто започнува на лицето и постепено се шири по телото
- на слузокожата, во усната празнина и мекото непце личи на расфрлени зрнца гриз.

Како се пренесува болеста?

Вирусот се пренесува преку воздух, со ситните капки секрет кои при кашлање, кивање и зборување ги исфрлаат заболените лица.



Заболениот може да го пренесе вирусот, 4 дена пред и 4 дена после појава на исипот. Вирусот се пренесува многу лесно и брзо од човек на човек. Повеќе од 90% од лицата кои биле во контакт со болниот може да заболат, доколку не се вакцинирани или не ја прележале болеста.



Вирусот преживува до 2 часа во надворешната средина, што дава можност за индиректно пренесување преку свежо загадени предмети, детски играчки, работни површини и сл.

Можни компликации:

Најчести компликации се:
- воспаление на средно уво,
- воспаление на дишните патишта и белите дробови,
- појава на слепило,
- воспаление на мозокот и мозочните обвивки,
- можен е и смртен исход поради тешки компликации.

Болеста најчесто се комплицира кај деца под 5-годишна возраст или кај возрасни над 20 години.

Како се лекуваат заболените?

Нема специфична терапија за мали сипаници.
Лекувањето е симптоматско.
Лицата кои прележале мали сипаници се здобиваат со имунитет кој трае за време на целиот нивен живот.